# Издршката на децата:

# Дали досудената издршка ги задоволува потребите на децата?



Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените

**Автори:**

Стојан Мишев
Делфина Тодоровска

**Консултант и уредник:**

Деби Будлендер

**февруари 2025 година**

Оваа публикација е целосно или делумно финансирана од Шведската агенција за меѓународна развојна соработка (SIDA) и Kvinna till Kvinna. SIDA и Kvinna till Kvinna не мора да се согласуваат со изразените мислења. Авторот е единствено одговорен за содржината.

## СОДРЖИНА

1. ВОВЕД ... 4

2. ГЛАВНИ НАОДИ И ПРЕПОРАКИ ... 5

3. СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: САМОХРАНА МАЈКА ВО БОРБА ЗА ПРАВДА И ИЗДРШКА ... 20

# 1. ВОВЕД

Издршката за децата по разводот или разделбата е еден од клучните механизми за обезбедување континуитет и стабилност во нивниот живот. Таа треба да обезбеди не само покривање на базичните трошоци, туку и поддршка за нивниот севкупен раст и развој. Меѓутоа, реалноста покажува дека определувањето, пристапот и примената на издршката честопати не успеваат да одговорат на вистинските и растечки потреби на децата.

Анализата се базира на податоци добиени од 31 испитаничка, жени кои имале искуство во судската постапка за определување на издршката. Основа за подготовка на анализата е прашалник составен од 78 прашања поделени во три главни области: демографски податоци и карактеристиките на двајцата родители што се важни за утврдување на висината на издршката, како што се работниот статус, имотната состојба, обврските за издржување на други членови на семејството и други; податоци поврзани со разводот или разделбата, текот и епилогот на судската постапка за определување на издршката, задоволството од досудената издршка и дејствијата кои ги преземаат жените во случај на неплаќање на издршката; податоци за трошоците на жените и условите за живот на децата пред и по разводот или разделбата, како основа за утврдување дали висината на досудената издршка овозможува задоволување на едукативните, рекреативни, вонназтавни и други потреби на децата.

Оваа анализа го става фокусот врз тоа како функционира системот на издршка од перспектива на жените кои се разделиле или развеле, а живеат со децата. Анализата има за цел да ги утврди бариерите со кои тие жени се соочуваат во обидите да обезбедат достоинствен живот за своите деца. Се истражува не само правниот и судскиот механизам за доделување и наплата на издршката, туку и поширокиот социо-економски контекст во кој тие жени живеат по разводот , вклучително и домувањето, приходите, вработувањето и пристапот до услуги.

Иако формално сите испитанички добиле судска одлука за издршка како дел од постапката за развод, податоците укажуваат дека реалното добивање на издршката е нерегуларно, често во намален износ или со значително задоцнување. Уште поважно, многу од жените не побарале зголемување на износот ниту пак презеле законски мерки за наплата, дури и кога издршката не се плаќала воопшто. Причините за ова се комплексни и вклучуваат страв, недоверба во институциите, ниски приходи, незнаење за механизмите за заштита, како и оценка дека постапката е долга, скапа и без ефект.

Истовремено, економскиот товар што паѓа на жените значително се зголемува по разводот. Речиси половина од нив се враќаат да живеат кај родителите, што има директно влијание врз нивната автономија и капацитет да обезбедат независна и стабилна средина за децата. Многу од нив немаат сопствен приход, или тој е недоволен за покривање на базичните трошоци за живот и трошоците за децата. Во таков контекст, децата се соочуваат со ограничен пристап до образовни, рекреативни и здравствени услуги, не затоа што немаат потреба од нив, туку затоа што семејството нема финансиски капацитет да ги обезбеди.

Затоа, овој извештај не ги анализира само правните аспекти на издршката, туку го третира прашањето низ призмата на социјална правда и еднаквост за децата. Целта не е само да се идентификуваат празнините, туку да се понудат конкретни, системски препораки за унапредување на пристапот, определувањето, наплатата и ефективноста на издршката. Зашто прашањето за издршката е, пред сè, прашање за правото на децата да живеат во средина која ги поддржува нивните базични и развојни потреби, пред, за време и по промените во семејството.

## 2. ГЛАВНИ НАОДИ И ПРЕПОРАКИ

Овој дел ги сумира клучните наоди од истражувањето за влијанието на разводот или разделбата врз економската состојба на жените, животните трошоци и пристапот на децата до потребните ресурси. Истовремено, се презентираат и препораки за унапредување на судската и социјалната поддршка. Податоците покажуваат дека последиците од разводот се долгорочни и особено тешки за жени кои остануваат самохрани мајки, при што тие често ги преземаат сите одговорности за децата во услови на ограничени финансиски ресурси. Во продолжение се презентирани клучните наоди и препораки, организирани во четири области: економска состојба, трошоци, потреби на децата и судска заштита.

### 2.1 ЕКОНОМСКА РАНЛИВОСТ И ОГРАНИЧЕНИ ФИНАНСИСКИ КАПАЦИТЕТИ НА ЖЕНИТЕ ПО РАЗВОДОТ ИЛИ РАЗДЕЛБАТА

Податоците за економската положба на жените се вклучени како контекст за разбирање на нивната способност да ги задоволат основните и развојните потреби на децата по разводот или разделбата. Овие информации се особено важни не само за анализа на нивната способност да обезбедат соодветни услови за живот за децата, туку и како клучни фактори кои судот ги зема предвид при определувањето на издршката. Тука спаѓаат работниот статус, висината на месечните приходи и сопственоста на имот. Дополнително е разгледано и и постоењето на законски обврски за издржување на други лица, како и користењето на социјална парична помош, односно можностите за финансиска поддршка од страна на државата.

#### *Зголемен ангажман во неформалната економија и ниско платени работни места*

Работниот статус на жените има значајно влијание врз нивната способност да се грижат за децата, особено по разводот или разделбата. Утврдено е намалување на бројот на невработени жени, што главно се должи на фактот што жените кои биле невработени пред разводот, по прекинувањето на заедницата мораат да обезбедат личен приход за да ги покријат основните животни трошоци за себе и за децата за чие издржување и грижа тие се одговорни. Половина од жените кои претходно биле невработени, формално се вработиле по разводот или разделбата (5 од 10), додека помал дел од нив се вработиле во неформалната економија (3 од 10), а две жени продолжиле да бидат невработени. Меѓутоа, дури и по вработувањето и остварувањето на приходи жените сеуште се наоѓаат во неповолна финансиска состојба. Жените со формално вработување имаат ниски примања

под висината на просечната плата во државата, која во 2024 година изнесувала 41.246 денари[1]. Жените кои претходно биле невработени а по разводот или разделбата се ангаНеформално вработените заработуваат под минималната плата од 22.567 денари[2]. Пристапот до стабилно вработување и соодветни приходи е клучен за обезбедување на основните животни потреби на децата, но и за намалување на економската зависност од поранешниот партнер или од примарното семејство.

### *Ниски месечни приходи*

Висината на приходите кои ги остваруваат родителите е од исклучително значење за задоволувањето на потребите на децата. Приходите се еден од клучните фактори при определувањето на висината на издршката која треба да ја плаќа родителот со кого детето не живее. Жените имаат многу поограничени финансиски капацитети за задоволување на потребите на децата по разводот или разделбата, споредено со поранешните партнери, во ситуација кога тие ја преземаат примарната одговорност за грижата за децата. Дури и жените со високо образование заработуваат помалку од нивните поранешни партнери со средно образование, што потврдува родова нееднаквост во плата и економска независност. Две третини од жените кои остваруваат приходи формално или неформално заработуваат помалку од 30.000 денари (67% или 19 од 28). Скоро петина од нив заработуваат до 15.000 денари месечно(5 од 28), додека половината од жените остваруваат месечни приходи во висина од 15.000 до 30.000 денари (14 од 28). Само петина од жените (6 од 28) заработуваат од 30.000 до 45.000 денари, а една жена над 60.000 денари. За споредба, просечната нето плата во 2024 година изнесувала 41.246 денари[3], додека минималната плата изнсувала 22.567 денари[4]. За разлика од нив, најголемиот дел од поранешните сопрузи/партнери заработуваат од 30.001 до 45.000 денари (10 од 18), додека дел од нив заработуваат од 45.001 до 60.000 денари (5 од 18). Ограничените финансиски капацитети на жените директно се одразуваат врз квалитетот на живот и задоволувањето на потребите на детето.

### *Непоседување на имот*

Поседувањето на личен имот е еден од главните показатели за економска сигурност и финансиска независност. Жените кои поседуваат сопствен имот имаат поголема стабилност и можност за самостојно живеење по разводот или разделбата, како и поголема способност да обезбедат стабилни услови за живот за себе и за своите деца. Имотот, покрај тоа што има директно влијание врз животниот стандард, е и еден од факторите што се земаат предвид при судските постапки за определување на издршка, бидејќи тој може да влијае врз вкупната финансиска состојба на родителот. Податоците од анализата покажуваат родовата нееднаквост во однос на сопственоста, односно жените имаат значително помалку сопствен имот во споредба со поранешните сопрузи или партнери. Само 8 од 31 жена (околу една четвртина) поседуваат личен имот, додека 23 жени (повеќе од две третини) изјавиле дека не поседуваат никаква сопственост. Од друга страна, половина од поранешните сопрузи или

[1] ДЗС, Просечна месечна исплатена нето плата по вработен 2024
[2] Министерство за социјална политика, демографија и млади - Минимална плата за 2024 година
[3] ДЗС, Просечна месечна исплатена нето плата по вработен 2024
[4] Министерство за социјална политика, демографија и млади - Минимална плата за 2024 година

партнери (16 од 31) поседуваат личен имот, додека за 12 од нив нема сознанија дали поседуваат имот, а само 3 не поседуваат имот.

Овие податоци ја нагласуваат економската ранливост на жените по разводот или разделбата, бидејќи голем дел од нив немаат сопственост која би можела да им овозможи финансиска сигурност или самостојност. Во такви услови, жените честопати се принудени да се вратат во домот на родителите или да живеат под кирија, што дополнително ја влошува нивната економска состојба.

### *Многу мал број на жени добиваат финансиска поддршка од страна на државата*

Пристапот до социјална парична помош е особено важен за жените кои по разводот или разделбата се соочуваат со финансиски потешкотии и имаат ограничени приходи. Овие права можат да им овозможат барем минимална финансиска поддршка во ситуации кога тие самостојно се грижат за децата. Жените кои претрпеле семејно насилство, според законските одредби, имаат право на одредени видови социјална помош, како што се еднократна парична помош за итна заштита, помош за згрижување и медицински третман на повреди, како и олеснување при остварување на правото на гарантирана минимална помош (ГМП), при што приходите на сторителот на насилството не се земаат предвид. Сепак, во пракса пристапот до овие права е крајно ограничен. И покрај неповолната финансиска состојба, жените што претрпеле семејно насилство имаат многу ограничен пристап до социјалната парична помош. Податоците од анализата јасно ја покажуваат оваа состојба, односно само три жени поднеле барање за остварување на парични права од областа на социјалната заштита. Од нив, две жени се дел од неформалната економија, а една е невработена. Ова значи дека дури ни сите жени кои се невработени и не остваруваат приходи не поднеле барање за остварување на социјална парична помош. Дополнително, и жената која е невработена и поднела барање не го остварила правото, поради неисполнување на строгите законски критериуми. Ова укажува на потребата за промени во законската регулатива, но и за подобрување на информираноста и пристапот до социјалните права кај жените кои се наоѓаат во вакви ранливи ситуации.

### *Законска обврска за издржување на деца и/или родители од друга брачна/вонбрачна заедница*

Постоењето на законска обврска за издржување на деца од претходен брак или вонбрачна заедница, како и обврската за издржување на родители, претставува важен фактор во судската постапка за определување на издршка. Судот е должен да внимава досудената издршка да не ја загрози нужната егзистенција на давателот на издршката и членовите на неговото семејство. Оваа обврска се зема предвид при утврдување на финансиските капацитети на родителот што треба да плаќа издршка, бидејќи може да влијае врз неговата способност да ја исполнува оваа обврска. Податоците од анализата покажуваат дека вакви законски обврски за издржување на други деца или родители се ретки кај испитаниците. Само три поранешни сопрузи/партнери (3 од 31) имаат законска обврска за издржување на други деца. Двајца од нив имаат обврска за издржување на едно дете од поранешен брак или врска, додека еден поранешен партнер има обврска за издржување на две деца. Ниту една од жените во анализата нема ваква законска обврска. Овие податоци укажуваат дека кај повеќето поранешни партнери не постојат дополнителни законски обврски што би можеле да влијаат врз нивната способност за плаќање на издршката. Сепак, кај мал број случаи каде

вакви обврски постојат, што е од значење во судските постапки за определување на издршката за децата.

Споредено со 2023 година, наодите покажуваат дека економската ранливост на жените по разводот или разделбата останува изразена, и покрај благите позитивни поместувања во делот на формалната вработеност. Во 2023 година, три жени биле невработени, а четири биле вклучени во неформалната економија со примања под минималната плата, додека во 2024 година половина од претходно невработените жени се формално вработиле, а 30% продолжиле во неформалниот сектор. Забележани се ниски месечни приходи кај и во двете години, во 2023 година 17 од 27 жени заработувале од 15.000 до 30.000 денари, а само една жена над 45.000 денари; додека во 2024 година, две третини од жените заработуваат под 30.000 денари, и само една жена има приход над 60.000 денари. Имотната нееднаквост исто така останува речиси непроменета, во двете години само 8 жени поседуваат личен имот, што укажува на континуирана финансиска нестабилност. Во однос на пристапот до социјална парична помош, и во 2023 и 2024 година само мал број жени поднеле барање, а минимален дел од нив добиле одобрување, што укажува на ниска искористеност на овој механизам за заштита. За разлика од 2023, кога дел од жените имале и дополнителни законски обврски за издржување на други деца, во 2024 година ниту една жена не пријавила таква обврска, што укажува на потенцијално намалување на вкупниот финансиски товар, но без значајно влијание врз нивната вкупна економска состојба. Овие податоци покажуваат дека системските фактори кои ја условуваат економската ранливост на жените по разводот се сè уште присутни, со потреба од структурни мерки за нивно надминување.

***Економска ранливост***

**Вработеност:**

- Половина од претходно невработените жени се формално вработиле по разводот.
- 30% се вклучиле во неформална економија, со приходи под минималната плата.

**Приходи:**

- 2/3 од жените заработуваат помалку од 30.000 денари месечно.
- 1/5 од нив имаат приходи под 15.000 денари.
- Само 1 од 28 жени заработува над 60.000 денари.

**Имотна состојба:**

- Само 8 од 31 жена поседуваат личен имот.
- Повеќе од 70% немаат сопствен дом и живеат под кирија или со родители.

**Пристап до социјална помош:**

- Само 3 жени поднеле барање за социјална парична помош, а две од нив го оствариле правото.
- Дури ни сите невработени жени не се обиделе да пристапат до овие права.

**ПРЕПОРАКИ:**

- **За економско зајакнување на жените**, потребно е обезбедување на финансиска и техничка поддршка преку грантови, обуки и програми за самовработување, особено на жени без имот и со ниски приходи.
- **За пристап до финансиска поддршка на жените**, потребно е ревидирање на сите права од областа на социјалната парична помош и на критериумите за нивно остварување, со цел експлицитно препознавање на жените кои претрпеле семејно насилство како приоритетни и самостојни корисники, независно од приходите и имотот на поранешниот партнер или семејството.

## 2.2 НЕРЕШЕНО ДОМУВАЊЕ И ЗГОЛЕМЕНИ ЖИВОТНИ ТРОШОЦИ ПО РАЗВОДОТ ИЛИ РАЗДЕЛБАТА

Разводот или разделбата предизвикуваат значајни промени во условите за живеење на жените и нивните деца, со последици врз економската стабилност, просторната организација и социјалната поддршка. Повеќето жени губат пристап до заедничкиот дом и се потпираат на родителите или изнајмуваат живеалиште, со што се зголемуваат финансиските и логистичките тешкотии. Враќањето во родителскиот дом, како најчест исход по разводот, влијае врз приватноста и автономијата на жената, и го ограничува нејзиниот капацитет да воспостави стабилна, независна средина за себе и детето. Оваа состојба дополнително ја поткопува самостојната родителска улога, влијае врз психо-социјалната благосостојба и ја усложнува секојдневната организација на животот. Иако мал дел од жените обезбедуваат лична сопственост, најчест исход е враќање во положба на зависност. Ова укажува на потреба од системска поддршка и политики за сигурни и достапни решенија за домување за самохраните мајки и нивните семејства.

### *Нерешено домување и несоодветни услови за живот*

По разводот или разделбата, најголем дел од жените (48,4%) се преселуваат да живеат во домови во сопственост на нивните родители, што покажува јасен тренд на враќање во родителскиот дом и зависност од семејната поддршка. Само 25,8% живеат во сопствен личен дом, што е мало зголемување во однос на периодот пред разделбата, но сè уште укажува на ограничен пристап до сопствен имот. Дополнително, 19,4% од жените живеат под кирија, што е индикатор за зголемени трошоци и економска ранливост. Само една жена (3,2%) останала да живее во заедничка сопственост со поранешниот партнер, што укажува на ситуација во која таа немала друг избор и била принудена да продолжи да живее во иста сопственост по разводот. Дополнително, една жена (3,2%) продолжува да живее во дом кој е во сопственост на поранешниот партнер, што ја одржува состојбата на зависност и несигурност. Двете ситуации претставуваат сериозен ризик за психосоцијалната добросостојба на жената и децата, бидејќи заедничкиот живот со поранешен партнер, особено во услови на прекината врска или претходно насилство, може да доведе до продолжена изложеност на конфликт, стрес или закана од повторна виктимизација. Пред разводот, 67,7% живееле во куќа, а 32,3% во стан. По разводот, бројот на жени кои живеат во куќа опаѓа од 21 на 17, а бројот на жени кои живеат во стан се зголемува од 10 на 13. Се забележува намалување на големината на живеалиштата и бројот на соби, со исчезнување на домови со 5 или повеќе соби.

### *Зголемени животни трошоци по раззводот или разделбата*

Вкупните месечни трошоци за основни потреби надминуваат 30.000 денари, додека 2/3 од жените заработуваат под 30.000 денари, а 1/5 под 15.000 денари. Просечните месечни трошоци за храна и режиски потреби се високи 17.129 денари за храна и 6.145 денари за режиски трошоци, што значи дека само за основни трошоци жените одвојуваат околу 23.000 денари месечно. Кога се додаваат трошоците за кирија или станбен кредит (8.535 денари во просек кај оние што ги имаат), вкупниот месечен буџет надминува 30.000 денари. Овој износ е повисок од приходите што просечно ги имаат испитаничките, што укажува на постојан финансиски јаз меѓу реалните потреби и расположливите средства.

Храната е најголема и најконзистентна буџетска ставка. Најчести пријавени трошоци се 18.000 и 20.000 денари, што ја потврдува храната како највисок и непроменлив трошок во еднородителски домаќинства.

Режиските трошоци (струја, вода, греење, интернет) се втор најголем товар, со најчести вредности од 5.000 до 8.000 денари. Овие трошоци, иако предвидливи, го намалуваат просторот за било какви други неопходни месечни издатоци.

Трошоците за други потреби, како облека, хигиена, превоз, се пријавени во просек со 2.441 денари месечно, при што 72% од жените пријавиле износ од 2.000 до 3.000 денари. Овие износи не се доволни да ги покријат сите потреби на домаќинството, и најчесто се сведени на минимум.

Само 14 од 31 жена пријавиле трошоци за кирија или станбен кредит, со просечен износ од 8.535 денари. Иако мнозинството не пријавиле ваков трошок затоа што живеат кај родители или во сопствен дом, и овој тип на живеење носи логистички и емотивни трошоци. Живеењето со родители често значи ограничена приватност, зависност, намалена автономија и отежната можност жената самостојно да одгледува дете во стабилна, независна средина.

Спордбено со 2023 година, просечниот вкупен месечен трошок (околу 35.317 денари во 2023) останува сличен или благо зголемен и во 2024 година, особено поради зголемување на трошоците за храна и режиски трошоци. И покрај тоа, приходите на жените не го следат растот на трошоците. Жените и понатаму се принудени да прават компромиси, намалување на трошоци за облека, хигиена, превоз и рекреација, што има директно влијание врз животниот квалитет на нивните деца. Станбениот кредит останува ретка појава, што укажува на континуирани ограничувања во пристапот до трајни решенија за домување.

Овие податоци јасно покажуваат дека жените трошат колку што можат, а не колку што им е потребно. Ограничените ресурси ги принудуваат на постојан компромис, со директни последици врз квалитетот на живот на децата и нивните можности за нормален развој.

Споредено со 2023 година, наодите покажуваат дека домувањето и натаму претставува приоритетен проблем со кои се соочуваат жените по разводот или разделбата. Враќањето во домот на родителите е најчестиот начин на решавање на домувањето за поголемиот дел од жените со незначителни разлики помеѓу 2023 и 2024 година. Живеењето под кирија останува речиси непроменето, што укажува на постојан финансиски товар за дел од жените. Истовремено, бројот на жени кои располагаат со сопствен дом не покажува значајно

зголемување, што потврдува дека самостојното домување и натаму е ограничено. Исто така, просечните трошоци за основните животни потреби (храна, режиски, кирија, други потреби) се на исто ниво во 2024 година (34.092 денари) споредено со 2023 (35.317 денари). Ова резултира со продлабочен финансиски јаз, особено кај жените што плаќаат кирија или кредит. Истовремено, нематеријалните трошоци поврзани со живеење во туѓи домови, како што се губењето на приватноста, автономијата и влијанието врз благосостојбата на децата остануваат присутни. Овие податоци упатуваат на тоа дека системската поддршка за стабилно домување и финансиска одржливост по разводот сè уште недостасува, и дека политиките мораат да адресираат не само трошоците, туку и психо-социјалната сигурност на жените и нивните деца.

**Домување по разводот**

- 48,4% од жените се вселуваат во домот на родителите.
- 25,8% живеат во сопствен личен дом.
- 19,4% живеат под кирија.
- 6,4% продолжуваат да живеат во имот на поранешниот партнер или заедничка сопственост – состојба што носи ризик од стрес и психосоцијална нестабилност.

**Вид на живеалиште**

- Намалување на бројот на жени кои живеат во куќа (од 21 на 17).
- Зголемување на бројот на жени во станови (од 10 на 13).

**Основни месечни трошоци**

- Храна: просечно 17.129 денари
- Режиски трошоци (струја, вода, греење, интернет): 6.145 денари
- Други трошоци: 2.441 денар
- → Вкупно 25.000 денари само за основни потреби
- Кирија или кредит (кај 14 жени): просечно 8.535 денари
  → Вкупни месечни трошоци кај тие што плаќаат кирија: над 31.000 денари

**Финансиски јаз**

- Трошоците се повисоки од приходите што жените реално ги имаат.
- Жените трошат онолку колку што можат, не онолку колку што им треба, што ги принудува на компромиси со директно влијание врз децата.

## ПРЕПОРАКИ

**За решавање на проблемот со домувањето на жените по разводот или разделбата,** потребно е развивање на програми за субвенционирано домување наменети за жени по развод, со приоритетен пристап до социјални станови. Дополнително, да се разгледаат можностите за обезбедување на финансиска поддршка за покривање на кирија или трошоци за домување во првите 1–2 години по разводот, како привремена мерка за стабилизација.

**За намалување на трошоците и олеснување на секојдневието потребно** е да се воспостави посебен државен фонд за финансиска поддршка за животните трошоци (храна, режиски и други трошоци) за жените и нивните деца по разводот или разделбата. Исто така, да се

воспостават локални програми за поддршка во натурална форма (прехранбени пакети, хигиенски средства, помош за сметки) за ранливи еднородителски домаќинства.

**За поддршка за самостојно живеење и психо-социјална стабилност потребно е р**азвивање на систем за менторство и поддршка при премин во независно живеење, особено за жени кои морале да се вратат во родителскиот дом. Дополнително, да се овозможи пристап до советувалишта и психо-социјални услуги за справување со стрес и адаптација на нови услови за живот, со фокус на благосостојбата на децата.

## 2.3 НЕЗАДОВОЛЕНИ ПОТРЕБИ НА ДЕЦАТА

Финансиските трошоци поврзани со децата, како што се трошоците за образование, рекреација, здравствена заштита и други потреби претставуваат значајна ставка во животот на жените по разводот или разделбата. Важно е да се нагласи дека висината на трошоците не секогаш ја рефлектира реалната потреба на детето, туку најчесто ја одразува финансиската состојба и капацитетите на мајката да ги покрие тие потреби. Намалувањето на трошоците по разводот не значи нужно и дека детето има помалку потреби, туку дека приоритетите се приспособуваат кон ограничените ресурси, што често доведува до повеќе незадоволени потреби. Анализата на просечните износи за трошоци по категории (едукативни, рекреативни, здравствени и останати) покажува мали разлики пред и по разводот. Овие податоци не рефлектираат реално подобрување или стабилност, туку укажуваат на ограничени капацитети на мајките да одвојат средства, и на приспособување на трошоците според расположивите ресурси.

### *Незадоволени потреби на децата*

Најголеми се незадоволените потреби во областа на рекреацијата, а голем дел од децата немаат пристап до дополнителна едукација или курсеви. Исто така, и покрај тоа што здравствените потреби се приоритетни, има жени кои изјавиле дека не можат да издвојат средства ни за тие трошоци.

Споредено со претходната година, структурата на незадоволени потреби останува речиси идентична, што укажува на тоа дека ниту политиките, ниту практиките не донеле подобрување за овие семејства. Најголем раст е забележан кај незадоволените рекреативни трошоци, каде бројот на деца за кои не се одвојуваат средства пораснал од 2 на 13, односно зголемување од 550%. Споредено со 2023 година, кога бројот на деца со незадоволени рекреативни потреби беше значително понизок (4 деца), актуелниот раст потврдува дополнително осиромашување и губење на можности за децата. Кај останатите (небазични) потреби, бројот на деца се зголемил од 9 на 18 (+100%). Кај едукативните трошоци, бројот на деца со незадоволени потреби се зголемил тројно – од 2 на 6.

Под едукативни трошоци најчесто се мисли на курсеви по англиски јазик, дополнителна настава или часови по математика, купување на училишен прибор, книги и други потреби што не се опфатени со формалното образование. Овие активности, иако се клучни за когнитивниот развој и идните можности на детето, често се првите што се напуштаат при финансиска криза.

Здравствените трошоци бележат најмал раст (од 2 на 3 деца), но ова најверојатно се должи на приоритизација на здравјето како неопходна потреба, а не на реално покривање на сите здравствени потреби (вклучително и стоматолошки, психолошки и превентивни услуги).

Овие податоци потврдуваат дека намалувањето или стагнацијата на трошоците не значи дека детето има помалку потреби, туку дека ограничените ресурси водат до компромисен избор и жртвување на дел од развојните потреби. Жените прилагодуваат колку ќе трошат според тоа колку имаат, а не според тоа што им е потребно.

Тоа значи дека постои товар на прилагодување, што често води до жртвување на активности кои се клучни за растот и развојот на детето.

Реалниот ефект од разводот врз децата не се мери преку бројки на трошоци, туку преку ограничен пристап до основни и развојни услуги. Овие наоди укажуваат на итна потреба од системски промени – од правна рамка и судска практика, до социјални сервиси и домување. Само така ќе се обезбеди фер, достоинствен и стабилен живот за жените и децата по разводот или разделбата.

Споредено со 2023 година, наодите покажуваат дека во 2024 година се продлабочува јазот меѓу потребите на децата и реалната поддршка што ја добиваат. Иако и во двете години има значително присуство на незадоволени потреби кај децата, порастот е особено изразен во кај потребите што не се сметаат за „основни“, но се од суштинско значење за личниот и образовен развој на децата, како што се рекреативните и останатитите трошоци. Овие трендови го отсликуваат дополнителното осиромашување на жените по разводот или разделбата и нивната неможност да ги задоволат дури и оние потреби кои имаат долгорочно значење за нивниот развој. Особено загрижува фактот што растот на незадоволените потреби се случува во услови кога и претходната година веќе беше забележан висок процент на деца кои не добиваат соодветна поддршка. Наместо подобрување, се потврдува системска стагнација, што упатува на тоа дека ниту институционалните, ниту правните механизми не одговараат на потребите на овие семејства.

***Невидливиот товар на децата по развод:***

- +550% пораст на деца без рекреативни активности (од 2 на 13 деца).
- 100% пораст на други незадоволени потреби (од 9 на 18).
- Тројно зголемување на незадоволени едукативни потреби (од 2 на 6 деца).
- Жените трошат колку што можат, а не колку што е потребно.
- Трошоците не ја рефлектираат реалната потреба, туку ограничените ресурси.

## ПРЕПОРАКИ

**За зголемување на поддршката за потребите на децата,** потребно е воведување на ваучерски систем за рекреативни и едукативни активности (спорт, курсеви, културни активности) за деца од самохрани семејства.
**За задоволување на здравствените потреби на децата** потребно е обезбедување бесплатен или субвенциониран пристап до здравствени и стоматолошки услуги, вклучително и психолошка и превентивна поддршка за децата во самохрани семејства.

**За поголема поддршка на деца во ризик,** создавање општински фондови или локални програми за поддршка на деца во ризик од социјална исклученост, кои ќе обезбедуваат директна помош за нивните секојдневни потреби.

**За идентификација на незадоволени потреби на децата,** потребно е вклучување на образовните институции и центрите за социјална работа во системска идентификација на деца со незадоволени едукативни и развојни потреби и упатување кон достапни сервиси.

## 2.4 ДОСУДЕНАТА ИЗДРШКА НЕ ГИ ЗАДОВОЛУВА ПОТРЕБИТЕ НА ДЕЦАТА ПО РАЗВОДОТ ИЛИ РАЗДЕЛБАТА

По разводот или разделбата, жените се соочуваат со низа предизвици при остварувањето на законското право на издршка за своите деца. Иако постојат законски обврски за определување на издршка, како и механизми за присилна наплата, во пракса изостанува нивната ефкетивност. Во продолжение ги разгледуваме главните наоди поврзани со определувањето на издршката од страна на судот и исплатата на досудената издршка.

**Долго времетраење на периодот во кој жените самите ги надоместуваат сите трошоци за децата, без да добиваат издршка од поранешните партнери.** Еден од клучните фактори што влијае врз неповолната економска состојба на жените што се грижат за децата е времетраењето на периодот во кој тие сами ги покриваат сите трошоци, пред воопшто да добијат финансиска поддршка преку судска одлука за издршка. Во пракса, судовите најчесто ја досудуваат издршката од денот на поднесување на тужбата (24 од 31), додека во помал дел од случаите издршката се досудува од денот на пресудата (7 од 31). Ниту една жена која барала досудување на издршка од денот на разделбата (6 од 31) судот не го зел предвид ваквото барање. Ова се должи на тоа што во пракса судиите бараат од жените дополнителни докази за датумот на разделбата, како што се решение од ЦСР за времено доверување на децата, што практично резултира во неможност жените да го задоволат ова барање. Ова значи дека и покрај неповолната финансиска состојба и неможност самите да ги задоволат потребите на децата, жените по разводот или разделбата поминуваат одреден временски период во кои се оставени самите да се снаоѓаат и финансиски одговорат на сите потреби на децата, без придоа да им бидат надоместени потрошените средства од страна на поранешните сопрузи или партнери.

**Разлика помеѓу досудената и потребната издршка за децата.** Во пракса во половина од случаите издршката била определена во бараниот износ (16 од 31), во половина во износ понизок од побараниот. Сепак, жените воглавно побаруваат издршка во понизок износ, што е директно резултат на воспоставената судска пракса за определување на висината на издршката. Имено, во пракса судиите вообичаено досудуваат низок износ на издршка, кој не ги задоволува потребите на децата.

Постојат неколку причини за ваквата состојба:

- Не постојат посебни критериуми и механизми за автоматско пресметување на висината на издршката, согласно возраста, реалните потреби на децата, порастот на животните трошоци, како и висината на приходите на родителот кој е задолжен да плаќа издршка;

- Воспоставена е судска пракса на досување на издршка во понизок износ од страна на основните судови, меѓутоа и во ситуација кога основните судови ќе досудат повисока издршка, на ниво на Апелационите судови постои пракса на укинување на овие пресуди и враќање на повторно одлучување, што ги ограничува можностите за поодбрување на судската пракса и досудување на повисок износ на издршка;
- Судиите не ги земаат предвид дополнителните приходи кои ги остваруваат поранешните сопруги или партнери во рамките на неформалната економија и жените не можат фактички да ги докажат овие приходи, што резултира во досудување на издршка во понизок износ.

**Жените не бараат промена на судската одлука и покрај тоа што се незадоволни од досудената издршка.** Овие наоди се потврдени и со податоците за задоволството на жените од досудената издршка.

- 19,4% (6 од 31) о д жените се изјасниле дека не се задоволни поради тоа што досудената издршка е недоволна за задоволување на потребите на децата.
- 16,1% (5 од 31) одговориле дека не се целосно задоволни, поради тоа што издршката е недоволна и не успеале да докажат дека поранешните партнерри остваруваат дополнителни приходи.
- Најголем дел, 35,5% (11 жени), изјавиле дека не можат да одредат дали се задоволни. Ова се должи на тоа што издршката сеуште не се плаќа воопшто и несигурноста за обезбедување на навремена наплата на издршка во точно досудениот износ. Кај поголемиот дел од овие жени сторителите на семејно насилство воопшто не ја плаќаат досудената издршк а (6 од 11), додека во помнал дел од случаите издршката се плаќа со задоцнување во досудениот или понизок износ од досудениот (3 од 11). Само две од овие жени ја добиваат издршката во точно определениот износ.
- 29% (9 од 31) изјавиле дека се задоволни од досудената издршка. Ова укажува дека кај третина од случаите судската одлука се поклопува со очекувањата и реалните потреби на жените и децата.

Иако дел од жените изразиле незадоволство или делумно задоволство од досудената издршка, податоците јасно покажуваат дека ретко се покренуваат постапки за зголемување на издршката. Само 3 од 31 жена повеле постапка за промена на судската одлука за определување на издршката, односно барале зголемување на издршката. Од особено значење е да се нагласи дека клучните причини за пасивноста на жените се структурни и системски, а не само индивидуални. Страв од одмазда, уцена преку децата и правна манипулација се трите главни причини зошто жените не бараат зголемување на издршката, дури и кога е очигледно дека таа не ги покрива потребите.

Најголемиот број жени (14 од 28, или 50%) како главна причина го наведуваат **стравот од насилникот.** Ова укажува на сериозен безбедносен и психолошки фактор кој ги спречува жените да ги искористат своите права. Стравот може да вклучува:

- Страв од одмазда или зголемено насилство. Многу жени кои претрпеле семејно насилство се воздржуваат од повторна судска постапка поради страв од повторно изложување на насилство, особено ако сторителот на насилството продолжува да има

пристап до нив или до децата по разводот. Одмаздата може да се манифестира на неколку начини: вербални и физички напади при предавање на децата; закани преку телефон или пораки; уценување дека ќе го одземе старателството; уништување на имот или саботирање на животот и работата на жената. Овој страв често не е само психолошки, туку се базира на реални претходни искуства, и на тоа дека институциите не обезбедиле ефикасна заштита во минатото.

- Злоупотреба на децата за уцена или контрола. Барањето за зголемување на издршката често се доживува од страна на насилниот поранешен партнер како закана за неговата моќ и контрола, поради што често следува уцена преку децата. Во пракса, ова се случува преку: одбивање да се плати редовната издршка, освен ако жената не се откаже од судска постапка; омаловажување и заплашување на децата, со цел да ја казни мајката; неконзистентно остварување на контактите со децата – во стил на „ќе ги видам кога јас сакам", или „ќе ги земам и нема да ги вратам"; лажни пријави или тужби за старателство, како обид да се изврши притисок. Овие тактики доведуваат до ситуација каде жените избегнуваат дополнителни конфликти, дури и по цена на финансиска несигурност, за да ги заштитат децата.
- Манипулација преку правен систем. Насилниците често ја злоупотребуваат правната рамка за да го одолговлекуваат процесот, да ја исцрпат жената финансиски и емоционално, или да го отфрлат нејзиното барање. Таквите случаи вклучуваат: намерно одолговлекување на судските рочишта преку чести отсуства или приговори; ангажирање на адвокати што користат агресивна стратегија со цел да ја обесхрабрат жената; оспорување на мајчинството, потребите на детето или пријавување за лажни намери; искористување на недостатоците во институциите, како неподготвеност на Центри за социјална работа, или некоординираност помеѓу судските и извршителските органи. Овој тип на „правно насилство" (или т.н. legal abuse) не само што ја продлабочува траумата кај жртвата, туку ја прави и самата правна заштита непривлечна и опасна за жената.

Овие три форми: страв од насилство, уцена преку децата и правна манипулација, ја одвраќаат жената од користење на нејзините права, дури и кога издршката што ја добива е несоодветна. Затоа, потребно е паралелно со правната помош да се овозможи: психо-социјална поддршка, заштитни мерки и проценка на ризик, стратешка правна помош која ќе спречи повторна виктимизација во судската постапка.

Втора причина за неповедување на судска постапка е перцепцијата за судската пракса, односно немањето на услови за повторно барање на повисока издршка. Скоро 29% од жените (8 од 28) немаат поведено постапка поради тоа што нема промена во околностите, што укажува на нивно уверување дека правно не постои основ за нова постапка. Ова ја отсликува рестриктивната судска практика, која често го врзува правото на повторно барање издршка со формални промени (како промена во примањата или вработување на поранешниот партнер), наместо со реалните трошоци за живот и растечките потреби на децата.

Дополнителните бариери се поврзани со информираноста и пристапот на жените до судската постапка за промена на одлуката за издршка, односно зголемување на првично досудената издршка. 2 жени не знаеле дека може повторно да побараат издршка. 2 жени немале финансиски средства да поведат постапка. 1 жена не верува во судството, а уште една не

добила правен одговор. Овие наоди укажуваат на недостаток на ефикасна правна помош и советување, како и општа недоверба во системот кај дел од жените.

Потребно е да се применат ефективни мерки за заштита на жртвите, вклучително и нивна ревиктимизација, обезбедување бесплатна правна помош, промени во судската пракса за да се овозможи флексибилно оценување на реалните потреби на децата и мајките, како и системско информирање на жените за правата и можностите. Во графикон 2 се прикажани причините за неповедување на судската постапка од страна на жените кои беа образложени претходно.

Само 3 жени повеле постапка за зголемување на досудената издршка и тоа поради зголемени животни трошоци за децата и/или намалени приходи.

### *Неплаќање на издршката и неефективни механизми за присилна наплата*

Покрај фактот што износот на досудената издршка е најчесто многу низок и не ги покрива реалните трошоци за издржување на децата, значителен дел од жените дополнително се соочуваат со проблеми и при самото плаќање на издршката. Само една третина од жените (35,5%) изјавиле дека редовно ја добиваат издршката во целост, според судската одлука, што значи дека тие можат барем минимално да се потпрат на стабилен финансиски приход од другиот родител.

Меѓутоа, дури две третини од жените (64,5%) се соочуваат со нередовно, нецелосно или воопшто неплаќање на издршката, што сериозно ја загрозува нивната економска стабилност и го зголемува ризикот од сиромаштија.

*Жени кои не добиваат никаква издршка 35,5% или 11 жени.*
Ова е најзагрижувачка група, бидејќи покрај тоа што имаат судска пресуда во своја полза, не добиваат ниту денар. За овие жени, економскиот терет за издржување на децата паѓа исклучиво на нив, што значи:

- мораат да обезбедат средства за храна, облека, домување, здравствена заштита и образование без никаква поддршка;
- често се принудени да земаат кредити, да бараат поддршка од семејството и блиските, или да прифаќаат слабо платени, несигурни работни ангажмани. Три жени остваруваат приходи од 7.500-15.000 денари во неформалната економија, 5 од нив заработуваат од 15.001-30.000 денари, а само две од нив заработуваат од 30.001-45.000 денари. Една жена е невработена и воопшто не остварува приходи.
- живеат со хроничен финансиски стрес и неизвесност, што се пренесува и на децата;
- чувствуваат правна и институционална неспособност и недоверба, бидејќи судската одлука не се спроведува во пракса.

*Жени кои добиваат издршка со задоцнување и во намален износ 16,1% или 5 жени.* Ова претставува комбинирана форма на финансиска несигурност, каде што не само што постои ненавремена исплата на издршката, туку и износот е помал од досудениот. Жените од оваа група не можат да планираат буџет, честопати мораат да откажуваат одредени трошоци за децата, и постојано се на работ на финансиски колапс.

*Жени кои добиваат издршка со задоцнување, но во точниот износ 12,9% (4 жени).* Иако на крајот ја добиваат целосната сума, временското задоцнување од неколку месеци (најчесто до 2, но во некои случаи и до 6 месеци) го прави приходот непредвидлив, а тоа особено е проблематично кога треба да се плаќа кирија, сметки, или да се покријат ургентни трошоци поврзани со детето.

Доколку се земат предвид сите три групи на жени што не добиваат издршка навремено и во целост (вкупно 20 од 31), станува јасно дека 64,5% од жените немаат редовна финансиска поддршка, иако правно им е призната. Оваа состојба не само што ја поткопува улогата на судот како гарантор на правдата, туку и го компромитира принципот на најдобар интерес на детето, кој бара сигурна, стабилна и навремена издршка. Отсуството на механизам за надоместување на неплатената издршка оневозможува ефективно спроведување на изречените судски пресуди за определување на издршка за децата. Дотолку повеќе што и постоечките механизми за присилна наплата кои се образложени во следниот дел се неефективни и не вродуваат со непречено, навремено и целосно плаќање на досудената издршка.

Само 2 жени кои воопшто не добивале издршка презеле дејствија за наплата на издршката. Едната од нив повела постапка за присилна наплата преку извршител и кривична пријава за неплаќање на издршката, додека другата има поведено само кривична судска постапка. Меѓутоа, кај ниту една од жените сеуште не се плаќа досудената издршка, кај едната случајот е во тек, додека кај другата поради немање на средства кај поранешниот партнер за наплата на издршката. Практично, нема ефективни механизми кои ќе овомождат ефективна наплата на издршката од страна на родителите кои воопшто не плаќаат издршка или плаќаат ненавремено и нецелосно.

Анализата за 2024 година ги потврдува и продлабочува наодите од 2023 година во однос на времетраењето на судските постапки, задоволството од одлуките, исплатата на издршката и поведување на постапки за присилна наплата на неплатената издршка. Во 2024 година има одредено намалување на просечното времетраење на периодот пред досудување на издршката во кој жените самите го носта финансискиот товар за задоволување на потребите на децата на 250 денови, споредено со претходната година кога просечното времетраење изнесувало 292 денови. Продолжува судската пракса на досудување на издршката од поднесувањето на тужбата или донесувањето на пресудата, а не од денот на разделбата од кога и реално настануваат трошоците за децата. Кога станува збор за задоволството од судските одлуки, во двете години жените најчесто ги прифаќаат одлуките поради отсуство на подобра алтернатива, но не и поради реално задоволување на потребите на детето. Во 2024 година, слично како во 2023, повеќето жени сметаат дека определената издршка не е доволна, но ретко поведуваат постапка за промена или зголемување на износот. Причините за тоа се повторуваат: страв од реакција на поранешниот партнер, недоверба во системот, финансиски и емоционален товар од нова постапка. Тоа укажува на нефункционална судска заштита во постапките за определување на издршката за децата. Во однос на 2023 година, нема значајно подобрување во редовноста на исплата. Во 2023, само 8 жени (26,7%) добивале издршка навремено и во точен износ; во 2024, тој број е 9 (30%). Бројот на жени кои не добиваат никаква издршка останува висок, 10 во 2024, во споредба со 11 во 2023. Ова го потврдува заклучокот дека системот и натаму не обезбедува ефективна наплата и

почитување на судските одлуки. Жените често се приморани самите да бараат присилна наплата, но механизмите што ги имаат на располагање се слабо ефективни. И во 2023 и во 2024 година, жените пријавуваат дека се обратиле до извршител, пријавиле кај Центар за социјална работа или побарале судска наплата, но ефектите се мали или непостојни. Во некои случаи, наплатата трае со години или завршува без успех. Оваа состојба ја пренасочува целата грижа за детето на мајката, и ја става во хронична економска и емоционална несигурност. Заклучно, споредбата потврдува дека во двегодишен континуитет, издршката не се реализира ниту брзо, ниту ефикасно, ниту во износ што ги покрива реалните потреби на децата. Системот останува пасивен и реактивен, ставајќи го товарот на постапките и исполнувањето на правата исклучиво врз жените.

***Клучни наоди од анализата***

- 83,4% е просечниот одобрен износ од побараниот.
- Просечното чекање за судска одлука за издршка е 250 дена.
- Само 1/3 од жените ја добиваат издршката редовно.
- 35,5% воопшто не добиваат издршка, иако имаат правосилна судска одлука.
- Само 2 жени од 20 поведоа постапка за присилна наплата – без успех.

## ПРЕПОРАКИ

**За намалување на времето во кое жените се оставени самите да ги надоместуваат трошоците за децата по разводот или разделбата,** воспоставување итни судски постапки за досудување на издршка (на пр. во рок од 90 дена), особено за самохрани мајки. Дополнително, да се организираат обуки за судиите за приоритетно постапување во вакви случаи.

**За подобрување на судската пракса во однос на определувањето на висина на издршка согласно потребите на децата, и**зработка на упатства и стандарди за определување на издршка, врз основа на реалните трошоци за дете (прехрана, сместување, здравство, образование). Истовремено, усвојување на законски решенија за автоматско прилагодување, односно зголемување на висината со тек на време, согласно возраста на децата и други релевантни параметри

**За ефективно плаќање на досудената издршката, ф**ормирање на посебен државен гарантен фонд за надоместување неплатената издршка за децата, во ситуација кога задолжениот родител не плаќа. Во случај да не се воведе државен фонд, да се усвојат законски измени за автоматско извршување на издршката преку повлекување на средства од плата, банкарска сметка или други средства, со цел да се намали товарот врз жените. Дополнително, неплаќањето на издршката да се третира како форма на економско насилство и занемарување, и да се обезбеди соодветна интервенција од институциите и санкционирање на сторителите.

# 3. СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: САМОХРАНА МАЈКА ВО БОРБА ЗА ПРАВДА И ИЗДРШКА

Н.Н. е самохрана мајка која непосредно пред раѓањето на заедничкото дете во 2011 година ја напуштила брачната заедница која траела една година, поради континуирано психичко малтретирање, омаловажување, како и принуда од страна на сопругот да позајмува финансиски средства од роднини и пријатели, долгови кои таа не можела да ги врати. Иако судски ѝ било доделено старателство над детето и правото на издршка, во изминатите речиси 15 години таа не добила ниту една исплата од страна на таткото. Н.Н. живее во сериозна економска несигурност, преживува благодарение на социјална помош и повремени неформални ангажмани, додека сама го сноси целиот финансиски и родителски товар. Нејзината борба за наплата на издршката ја води низ институционалните механизми, но нејзините досегашни напори остануваат безуспешни. Случајот ја илустрира длабоката ранливост на жените кои се оставени сами да се справуваат со одгледување на дете без поддршка од другиот родител и без ефикасна институционална заштита.

### *3.1 Контекст: Финансиска и семејна состојба*

Н.Н. потекнува од социо-економски ранливо домаќинство. За време на краткиот брак (1 година), **таа била без вработување поради бременост**. Живееле под кирија, немале имот и **егзистирале исклучиво од приходите на сопругот. По разделбата, поради неможност за самостојно домување, со новороденчето се преселила во домот на својата баба**, која и обезбедила финансиска помош за ангажирање на адвокат и покренување на бракоразводна постапка, вклучувајќи барање за доверување и издршка на детето.

### *3.2 Проблем 1: Недоволна судска заштита (ниска досудена издршка)*

**Иако Н.Н. побарала издршка во висина од 6.000 денари,** судот го одбил барањето со образложение дека таткото е евидентиран како невработен и без приходи. **Судот оценил дека износот од 3.000 денари е доволен** за покривање на основните животни трошоци на детето, имајќи ја предвид неговата возраст.

### *3.3 Проблем 2: Апсолутно неплаќање на издршката*

**Во период од речиси 15 години по разводот, поранешниот сопруг воопшто не ја исплаќа одредената издршка.** Неговото престојувалиште е непознато, и тој не остварува никаква комуникација со детето, ниту покажува интерес за контакт. Н.Н., во отсуство на финансиска поддршка од својата баба, со години преживува со детето благодарение на социјална помош и повремени неформални работни ангажмани. Во овие околности, таа живее во континуиран ризик од сиромаштија и се соочува со сериозна материјална и социјална ранливост, без можност да ги задоволи дури и основните животни потреби на себе и на детето. Во периодот 2011–2018 година, Н.Н. не презела активности за наплата на издршката, бидејќи сметала дека

поради преселбата на поранешниот сопруг во Шведска, наплатата е невозможна или неизводлива.

### 3.4 Проблем 3: Долготрајна и неефикасна правна борба

#### Кривична постапка

Во 2018 година таа се обратила до здружението ЕСЕ за правна помош во врска со неплатената издршка. Таа посочила дека има неформални информации оти поранешниот сопруг се преселил во Шведска и таму работи. По нејзина иницијатива, надлежното Основно јавно обвинителство покренало кривична постапка за сторено кривично дело „Неплаќање издршка“ (член 202 од Кривичниот законик).

Со пресуда на кривичниот суд во 2021 година, поранешниот сопруг е условно осуден на една година затвор, која нема да се изврши доколку во рок од три години не го повтори делото, односно да ја надомести неплатената издршка за детето и да продолжи со редовно плаќање. Меѓутоа, поради тоа што не ја исплатил заостанатата издршка во износ од 270.000 денари во рокот од шест месеци, во 2024 година условната осуда е отповикана со нова пресуда и заменета со ефективна казна затвор од една година.

Во текот на кривичната постапка, истражните органи утврдиле дека поранешниот сопруг повеќе од 10 години живее во Шведска, каде што повторно стапил во брак и го презел презимето на својата сопруга.

#### Меѓународна наплата

Почнувајќи од почетокот на 2020 година, Н.Н. се обраќа до Министерството за правда со замолница за меѓународна наплата на издршката, согласно Њујоршката конвенција. Во тек е меѓународна соработка со надлежните институции во Шведска за присилна наплата и лоцирање на таткото, што трае речиси пет години.

Кон крајот на 2024 година, Н.Н. е информирана од шведските власти дека таткото е пронајден, но истиот одбива да ја плати издршката со образложение дека не е биолошки татко на детето. Тој бара спроведување на ДНК тест, при што инсистира трошоците да ги сноси мајката. Иако детето е застапувано од бесплатен адвокат во Шведска, постапката сè уште нема правосилен исход. Во меѓувреме, таткото ангажирал адвокат за судско решавање на прашањето околу неговата законска обврска за издршка.

### 3.5 Последици по Н.Н. и детето

Во изминатите 15 години Н.Н. живее во постојан ризик од сиромаштија. Таа нема сигурни приходи и живее во нестабилна социјална и економска состојба. Потребите на детето (исхрана, облека, здравство) тешко се задоволуваат, а нејзина е целосната родителска и финансиска одговорност.

### 3.6 Анализа: Пресек на проблемите

Случајот открива повеќеслојни проблеми кои се пресликуваат во системски слабости, од ниско вреднување на детските потреби, до отсуство на поддршка и родова нееднаквост.

| Област | Проблем |
|---|---|
| Судска заштита | Износот на издршката не ги одразува реалните потреби на детето |
| Извршување | Нема механизми за брза и ефикасна наплата на неплатената издршка |
| Поддршка за самохрани мајки | Недоволна социјална поддршка, нема институционална грижа |
| Меѓународна соработка | Долготрајна и фрустрирачка постапка |
| Родова нееднаквост | Жената ја носи целата одговорност без системска поддршка |

### 3.7 *Заклучок*

Случајот на Н.Н. е показател за длабоките слабости во системот за определување и наплата на издршка во Северна Македонија. И покрај постоењето на правна рамка, во пракса издршката често останува неплатена, особено кога должникот живее во странство и институциите не постапуваат соодветно. Жените, како во случајот на Н.Н., не само што ја преземаат целосната грижа за децата, туку и се соочуваат со институционални бариери, административна неефикасност и отсуство на конкретна поддршка за да ги остварат правата што им следуваат. Н.Н. не е исклучок, туку симптом на еден поширок системски проблем, каде жените остануваат сами во својата борба за правда, а децата се оние што плаќаат највисока цена. Затоа, ваквите студии на случај не се само приказни на лична неправда, туку и повик за итни реформи, поголема институционална одговорност и родово чувствителна социјална заштита.

